# ИЗВАДОК ОД ПРЕС КОНФЕРЕНЦИЈА ОДРЖАНА НА 30.09.2010 ГОДИНА ВО ПРОСТОРИИТЕ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој денес објави Јавен повик за доставување на барања за користење на финансиски средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија.

Целта на ИПАРД Програмата 2007-2013 е преку соодветни мерки за поддршка на земјоделството и руралниот развој да се подобри конкурентноста на земјоделското производство и земјоделско-прехрамбениот сектор, преку нивно усогласување со стандардите на Европската унија и постигнување на одржлива животна средина и социо-економски развој на руралните средини преку поттикнување на економската активност и зголемување на можностите за вработување.

Финансиските средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 во врска со спроведување на вториот Јавен повик се наменети за следните мерки:

Мерка 101 - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за постигнување на стандардите на Европската Унија,

Мерка 103 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибни производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија, и

Мерка 302 - Диверзификација и развој на руралните економски активности

Планираните финансиски средства за спроведување на овој Јавен повик изнесуваат вкупно **40.028.365,00 ЕУР** од кои 75% се придонеси од ЕУ и 25% се придонеси од Буџетот на Република Македонија. Планираните финансискии средства се кумулативни и го опфаќаат финансискиот период 2008-2010 година.

Огласот ќе трае **60 дена** , односно до 29.11.2010 година.

Потребните обрасци од Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-201 во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, Упатство за изготвување на Деловен План, Упатства за издавање на неопходната документација од надлежните институции и останати корисни информации во електронска верзија може да се превземат на веб-адресата на Агенцијата: www.ipardpa.gov.mk.

Печатените обрасци од барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 и Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 може да се подигнат директно во Агенцијата и во најблиските регионални центри или работни единици на Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот. (Листата на регионални центри или работни единици на Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството со податоци за контакт е објавена на веб-адресата www.ipardpa.gov.mk).

Во Агенцијата за поттикнување на развој во земјоделството заинтересираните земјоделски производители можат да добијат и информации за изготвување и доставување на барања, како и практични совети за аплицирање.

**Информација за спроведување на ИПАРД Програмата 2007-2013 по однос на објавениот Јавен повик бр.01/2009**

На 23 декември 2009 година Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој објави јавен повик бр.01/2009 за доставување на барања за користење средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 за следниве мерки:

- Мерка 101 - Инвестиции на земјоделските стопанства со цел нивно преструктуирање и надградба за достигнување на стандардите на Европската Унија;
- Мерка 103 - Инвестиции за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи со нивно преструктуирање и надградба за достигнување стандардите на Европската Унија;
- Мерка 302 - Диверзификација и развој на руралните економски активности.

Вкупниот износ на финансиските средства кои беа понудени на Јавениот повик бр. 01/2009 изнесуваше 24.320.000 евра или 1.494.150.272 денари, кумулативен износ за период 2007-2009 година.

По завршување на јавниот повик беа доставени вкупно 133 барања од кои
за мерката 101-58 барања
За мерката 103-41 барања и
За мерката 302-34 барање

Во рамките на мерка 101 најголем интерес беше за приоретен сектор 1011 Лозови насади каде пристигнаа 17 барања и за приоритетен сектор 1012 Овошни насади – 15 барања

Во рамките на мерка Мерка 103 најголем беше интересот за приоритетен сектор 1032 Преработка на овошје и зеленчук – 23 барања

Во рамките на мерка 302 Диверзификација и развој на руралните економски најголемиот број на барањата ( вкупно 13 ) се поднесени по однос на тип на инвестиции 30222 - Инвестиции за градење на угостителски објекти, сместување на отворено (кампови) и капацитети за рекреација

После завршените административни контроли и контролите на лице место, потпишани се 27 договори за одобрување на средства од кои
за мерката 101-15
За мерката 103-11
За мерката 302-1 договор.

Вкупниот износ за кој се склучија договори изнесува 2.028.687,74 евра, односно 121.425.168,27 денари, со што всушност се потпишаа договори за кофинансирање во рамки на буџетот за 2007 година од оваа Програма.